МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ

# СОВРЕМЕНА ИТАЛИЈАНСКА УМЕТНОСТ

(од збирките на музејот на современата уметност-скопје)

март - април 1988 година

Со желба пошироката јавност да ја запознаеме со дел од богатите меѓународни збирки на ликовни творби на Музејот на современата уметност во Скопје, ја организираме изложбата "Современа италијанска уметност". Заедно со делата од француските дарители, што беа презентирани во овие исти изложбени простори минатата година, творбите од италијанските уметници со својот квалитет и бројност дозволуваат делумно да се претстави ликовната ситуација карактеристична за Италија во почетокот на шеесетите и седумдесетите години.

Овие дела се добиени како резултат на одѕивот на апелот испратен до сите уметници во светот од Конгресот на Меѓународното здружение на пластичните уметности во октомври 1963 год. во Њујорк, со цел да се приклучат кон акцијата за подарување уметнички творби на Скопје, градот што жестоко беше погоден во катастрофалниот земјотрес 1963 година.
Како одговор на тој апел, во Италија се формира Национален комитет на пластичните уметности раководен од: Енрико Паолучи, Марио Пенелопе и Палма Букарели - директор на Националната галерија за модерна уметност во Рим, а подоцна се вклучи и ликовниот уметник од Бергамо - Бруно Талпо. Благодарение на оваа организирана иницијатива од 1963 год. до денес, 197 автори од Италија подарија 329 дела ( 123 слики, 166 графики, 29 цртежи и 11 скулптури). Од овој импозантен број уметнички творби во постојаната поставка на Музејот свое место најдоа 17 дела од мошне значајни автори влезени и во историјата на светската уметност на XX век (Енрико Бај, Емилио Ведова, Ѓузепе Капогроси, Алберто Бури и други).

Преку традиционалните изложби на подарени дела, потоа на изложбата Подарени дела од италијански уметници во 1965 год., како и на самостојните изложби на Ѓузепе Зигаина-1965год., Анџело Титонел-1974 год., Ренато Гутузо -1979 год. и Бруно Талпо - 1983 год., сме ги презентирале делата на италијанските уметници од нашите збирки.

На оваа изложба уште еднаш се потврдува исклучителната содржинска сложеност, естетска и стилска диференцираност на денешните пластични уметности.
Од изложените слики, графики и скулптури се добива една поширока лепеза на разновидни стилски определености: од разни варијанти на апстракција - лирска, геометриска, експресионистичка и енформел што се открива во делата на Афро Базалдела, Ѓузепе Сантомазо, Тоти Шалоја, Ѓанфранко Запетини, Антонио Корпора, Помпилио Мандели, Антонио Санфилипо, Армандо ди Стефано), преку симболот и знакот кој се афирмира како еден од најзначајните нефигуративни искуства на II половина на нашиот век, а е квалитативна карактеристика на творештвото на Ѓузепе Капогроси и Ѓанфранко Барукели, до фигуративните определувања со елементи на експресивност и надреалност во творбите на Карло Леви, Карло Кара, Ѓузепе Зигаина, Ѓузепе Гвереcки, Акиле Перили, Лучиано Латанци и др.

Делата презентирани на оваа изложба, со творбите што се изложени во постојаната поставка го потврдуваат квалитетот на уметничките збирки на Музејот на современата уметност во Скопје.

Захаринка Алексоска Бачева

К А Т А Л О Г

с л и к и

Ѓанфранко БАРУКЕЛО (1924)
1. ПО НУЖДА ДОБРОДЕТЕЛ, 1963
мешана техника на платно, 190х200

Андреа ди БЕНЕДЕТИ (1935)
2. СУЗАНА СО ЦРВЕН ПИШТОЛ, 1959
масло на платно, 158х89

Лучиано ди БЕРНАРДО (1940)
3. Ф И Г У Р И , 1963
масло на платно, 70х60

Силвано БОЦОЛИНИ (1911)
4. МЕТАМОРФОЗА, 1965
масло на платно, 80х60

Енцо БРУНОРИ (1924)
5. ПОСЛЕДНО СВЕТЛО, 1962
масло на шпер-плоча, 60х50

Тулио ВИЕТРИ (1927)
6. ПРОСТИТУТКА, 1964
комбинирана техника, 48х95

Лорис ГРАНДИ (1945)
7. КОМПОЗИЦИЈА, 1976
масло на платно, 102х70

Ѓанфранко ЗАПЕТИНИ (1939)
8. СТРУКТУРА ВО БХ 1, 1967
масло на платно, 100х100

Ѓузепе ЗИГАИНА (1924)
9. ПЕНУШКИ, 1963
масло на платно, 30х40
10. ВНАТРЕШНОСТ НА ЛАВАБО, 1964
масло на платно, 95х105
11. БЕЛА ПЕНУШКА, 1961
масло на платно, 45х55

Антонио КОРПОРА (1909)
12. КОМПОЗИЦИЈА, 1964
акварел и темпера на хартија, 51х38

Пиро КУНИБЕРТИ
13. ФИГУРА СО ИНСЕКТ, 1963
масло на платно, 100х80

Карло ЛЕВИ (1902-1983)
14. М А Ј К А, 1964
масло на платно, 61х51

Помпилио МАНДЕЛИ (1912)
15. СИВО-ЦРН ПЕЈЗАЖ, 1962
масло на платно, 100х60

Ренцо МАРГОНАРИ (1937)
16. ПОСЛЕДНАТА АВАНТУРА, 1966
масло и колаж на платно, 98,5х68

Пиеро МАРТИНА
17. СИЦИЛИЈАНСКИ ПРЕДАЧКИ
масло на платно, 60х80

Oраци ОРАЦИО (1910)
18. Е Д Е Н, 1969
комбинирана техника, 147x117

Иларио РОСИ (1911)
19. ПЕЈЗАЖ, 1961
масло на платно, 55x65

Антонио САНФИЛИПО (1923-1980)
20. ШИРЕЊЕ, 1963
масло на платно, 105x73

Филипо СКРОПО (1910)
21. ВЕРТИКАЛНИ ДВИЖЕЊА
темпера на хартија, 67x42

Доменико СПИНОЗА (1916)
22. МРТВА ПРИРОДА, 1964
темпера на хартија, 70x50

Армандо ди СТЕФАНО (1926)
23. ГОВОР ОД СТОМАК, 1963
темпера на хартија, 70x50

Марио ТЕЛЕРИ (1940)
24. МАКЕДОНИЈА, 1976
масло на платно, 140x100
25. ЈУГОСЛАВИЈА, 1976
масло на платно, 200x99

Анџело ТИТОНЕЛ (1938)
26. Н У Р К А Ч, 1973
акрилик на платно, 200x200

Винченцо ФАНТИ
27. ДОСЕЛЕНИЦИ, 1964
масло на платно, 70x60

Тоти ШАЛОЈА (1914)
28. КОМПОЗИЦИЈА, 1958
комбинирана техика на хартија, 62x98

с к у л п т у р и

Алфио КАЗИЕЛИ
29. А К Т, 1962
бронза, 39x4x4

Виторио ТАВЕРНАРИ (1919)
30. ГОЛГОТА, 1967
дрво, 71x51

Џовани ТИЦАНО
31. НЕРЕШИТЕЛНА
бронза, 18x13x12

Афро БАЗАЛДЕЛА (1912-1976
32. КОМПОЗИЦИЈА II
литографија во боја,52x67,5

Марио БЕНЕДЕТИ (1938)
33. ПРИСУТНОСТИ, 1978
бакрорез, 72,5x48,6

Габриела БЕНЕДИНИ (1932)
34. МУТАЦИИ , 1980
литографија, 69,5x50

Стефанија Гвиди БРАГАЊА
35. МОМЧИЊА И МОЧУРИШТЕ,1967
литографија во боја, 50x70

Ѓузепе ГВЕРЕСКИ (1929)
36. МИЛАНСКА ДЕВОЈКА, 1961
акватинта, 49x35

Емилио ГРЕКО (1913)
37. ЖЕНСКА ФИГУРА, 1964
бакропис, 69,5x50

Пјеро ДОРАЦИО (1927)
38. БЕЗ НАСЛОВ II, 1974
сито-печат во боја, 86x60

Ѓузепе КАПОГРОСИ (1900-1972)
39. ПОВРШИНА, 1965
литографија во боја,66x47

Карло КАРА (1881-1966)
40. ФИГУРА, 1961
литографија во боја, 65x46

Еуџенио КАРМИ
41. ДВА ИМАГИНАРНИ ЗНАЦИ, 1976
сито-печат во боја, 65x50

Лучиано ЛАТАНЦИ
42. СЕМАНТИЧЕН ЦРТЕЖ, 1965
гравира во камен на хартија, 35x47

Титина МАСЕЛИ
43. БЕЗ НАСЛОВ II, 1975
акватинта и бакропис,50x44

Умберто МАСТРОЈАНИ (1910)
44. КОМПОЗИЦИЈА, 1963
комб.техника во боја,50x44

Немезио ОРСАТИ (1912)
45. МОЧУРИШТЕ, 1962
бакропис на хартија,27x33,5

Лука ПАТЕЛА' (1934)
46. ПЕЈЗАЖ ВО КОЛОР I, 1966
фотографски бакропис во боја, 49x70

Акиле ПЕРИЛИ (1927)
47. КОМПОЗИЦИЈА I
литографија во боја,50x52
48. КОМПОЗИЦИЈА II
литографија во боја,50x52

Ѓузепе САНТОМАЗО (1907)

49. БЕЛЕГ НА НАПНАТОСТА, 1962.
    бакропис и акватинта, 65x50

50. КОМПОЗИЦИЈА I, 1962
    литографија во боја, 65x50

Бруно ТАЛПО (1940)

51. ПРОДАВАЧКА НА ЦВЕЌЕ ВО ФРИБУРГ, ГЕРМАНИЈА, 1980
    бакропис на цинк, 62x44,5

52. ЖЕНА И ДЕВОЈЧЕ ВО АМСТЕРДАМ, ХОЛАНДИЈА, 1983
    бакропис на цинк, 62x44,5

Ал ТОРЕЛА (1929)

53. ТРОЕН ЛИК, 1975
    литографија, 69x49,5

Фернанда ФЕДИ (1940)

54. СТРУКТУРА I
    литографија во боја, 65x48,6

Лино ФИОКИ (1946)

55. TRADE MARK USA II, 1976
    сито-печат во боја, 69x49

56. TRADE MARK USA III, 1976
    сито-печат во боја, 69x49

Емануеле ФЛОРИДИА

57. БЕЗ НАСЛОВ, 1976
    бакропис, 69,4x50

Франко ЏЕНТИЛИНИ (1909)

58. ВРТЕЛЕШКА, 1962-63
    литографија во боја, 54x76